SIGMA
Creating Change Together

A joint initiative of the OECD and the EU, principally financed by the EU

## Резиме 6

Септември, 2016 година

## Јавни набавки

# Објавување

**СОДРЖИНА**


- Зошто е важно објавувањето?
- Каде се врши објавувањето?
- Кога треба да се изврши објавувањето?
- Информирање на пазарот
- Објавување на оглас за јавна набавка, необјавување и измени во огласите за јавна набавка
- Објавување на известување за склучен договор
- Објавување на измените на договорот во текот на неговото траење
- Начин на испраќање на огласите/известувањата и рокот во кој тие треба да бидат објавени?
- Секторски дејности
- Дополнителни информации


Одобрено за објавување од Карен Хил, раководител на програмата СИГМА


2 Rue André Pascal
75775 Paris Cedex 16
France

mailto:sigmaweb@oecd.org
Тел.: +33 (0) 1 45 24 82 00
Факс: +33 (0) 1 45 24 13 05

**www.sigmaweb.org**



Ова резиме е објавено во рамки на надлежноста на Генералниот секретар на ОЕЦД. Мислењата и аргументите коишто тука се изразени не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Европската унија или земјите-членки на ОЕЦД или земјите-кориснички коишто учествуваат во програмата СИГМА.

Овој документ и секоја мапа вклучена во истиот не се во спротивност со статусот или суверенитетот на која било територија, означувањето на меѓународните граници и со името на која било територија, град или област.

## Зошто е важно објавувањето?

Објавувањето е еден од основните елементи на јавните набавки. Целосното и отворено објавување:

- **овозможува соодветна конкуренција** – информирајќи колку што е можно поголем број на економски оператори за можностите за склучување договор и со тоа овозможувајќи им да конкурираат, што резултира со најдобра вредност на парите за договорните органи;
- **доведува до развој на пазарите** – покажувајќи им на потенцијалните економски оператори дека се достапни деловни можности, со што се охрабрува развојот на пазарот со нови и поразлични економски оператори и се проширува изворот на економските оператори на локално, регионално, национално и меѓународно ниво;
- **помага во борбата против корупцијата** – зголемувајќи ја транспарентноста и обезбедувајќи дека економските оператори, јавноста, печатените медиуми и другите заинтересирани страни се свесни за достапните можности за склучување договори и дека можат да добијат повеќе информации за овие можности и за економските оператори на кои им се доделени договори.

## Каде се врши објавувањето?

Огласите и известувањата за договорите од одреден вид и вредност коишто подлежат на директивата мора да бидат објавени во Додатокот кон *Службениот весник на Европската унија* (*Сл. весник на ЕУ*). Огласите и известувањата бесплатно ги објавува Канцеларијата за публикации на Европската унија. Достапна е бесплатна, онлајн верзија на Додатокот кон *Сл. весник на ЕУ*, позната како „Електронски додаток на Службениот весник на ЕУ каде се објавуваат јавните набавки“ (TED)[1].

Многу земји-членки на ЕУ, исто така, налагаат објавување, на национално ниво, на огласи и известувања за договори коишто не подлежат на обврската за објавување во *Сл. весник на ЕУ*.

**Други публикации:** Можностите за склучување договори, исто така, може да се објавуваат и во други меѓународни, национални или локални публикации. Кога се користи дополнително објавување, директивата пропишува дека ова објавување не смее да се изврши пред огласот за јавна набавка да биде објавен во *Сл. весник на ЕУ*. Меѓутоа, дополнителното објавување може да се изврши на национално ниво доколку договорните органи не се известени од Канцеларијата за публикации на Европската унија за објавувањето во *Сл. весник на ЕУ* во рок од 48 часа од потврдата за прием на огласот/известувањето. Дополнителното објавување не смее да содржи информации коишто не се вклучени во огласот за јавна набавка во *Сл. весник на ЕУ*.

[1] http://ted.europa.eu

## Кога треба да се изврши објавувањето?

Објавувањето е потребно во три главни прилики:

- пред почетокот на формалната постапка за јавна набавка – незадолжително објавување, со цел пазарот однапред да се информира за потенцијалните идни можности, користејќи претходно индикативно известување (ПИИ);
- на почетокот од постапката за јавната набавка – со цел да се поканат економските оператори да учествуваат во постапката за јавната набавка, користејќи оглас за доделување на договор за јавна набавка;
- на крајот од постапката за јавната набавка – со цел да се известат економските оператори и другите лица дека постапката за јавната набавка е завршена, користејќи известување за склучен договор или известување за доброволна предвремена транспарентност.

**Објавување пред почетокот на формалната постапка за јавна набавка со користење на претходно индикативно известување (ПИИ):** Директивата дозволува, но не го обврзува, договорниот орган однапред да го информира пазарот за потенцијалните можности за склучување договори во иднина со објавување на ПИИ. Претходното индикативно известување го објавува Канцеларијата за публикации на ЕУ во Службениот весник на ЕУ или договорните органи на своите профили на купувачи (види подолу за повеќе информации за „профилите на купувачи“).

Објавувањето коешто се врши однапред на овој начин носи придобивки за договорниот орган и за потенцијалните економски оператори, имено:

- Пред објавувањето, договорниот орган треба внимателно да размисли кои се неговите потреби, па затоа подготовката на ПИИ може да помогне да се обезбеди дека планирањето и буџетирањето однапред се сфаќаат серозно.
- Економските оператори кои се однапред информирани за потенцијалните можности, исто така, можат соодветно да планираат. Ова планирање помага да се обезбеди добро ниво на конкуренција и подобри резултати во однос на вредноста на парите за договорниот орган.
- Ако се користи ПИИ, во одредени околности, задолжителните рокови за поднесување понуди може да се намалат.
- Договорните органи освен централните договорни органи може да користат ПИИ како повик за учество во јавна набавка, но само во ограничени постапки или конкурентни постапки со преговарање. Во тој случај, ако претходното индикативно известување е доволно детално, договорните органи не се обврзани подоцна да објават посебен оглас за јавна набавка.

Европската комисија објавува ПИИ во стандарден образец на својата веб-страница[2] (образец број 1). Форматот е ист за сите видови договори.

## Информирање на пазарот

Како алтернатива за објавување на ПИИ во Сл. весник на ЕУ, договорниот орган може да го информира пазарот за потенцијалните можности во иднина воспоставувајќи свој „профил на купувач“ преку Интернет. Профилот на купувачот вклучува општи информации за договорниот

[2] www.simap.europa.eu

орган заедно со информации за тековните покани за поднесување понуди, закажани набавки, склучени договори и поништени постапки.

Договорниот орган, исто така, може да го користи својот профил на купувач за да објави ПИИ. Кога договорен орган го користи својот профил на купувач за да објави ПИИ, тој не мора да испрати ПИИ до Сл. весник на ЕУ, но треба да испрати до Сл. весник на ЕУ известување за објавувањето извршено на профилот на купувачот.

## Објавување на почетокот од постапката за јавната набавка користејќи оглас за доделување на договор за јавна набавка

Огласот за јавна набавка е исклучително важен дел од постапката за јавната набавка. Со него се означува почетокот на формалната постапка за јавна набавка за одреден договор и се известуваат потенцијалните економски оператори за можноста да учествуваат во постапката.

Мора да се користат огласи и известувања во форма на стандардни обрасци. Овие огласи/известувања ги објавува Европската комисија на својата веб-страница. Огласот за јавна набавка во стандарден образец се користи за најголем дел од постапките за јавна набавка, но за различни видови набавки се користат различни обрасци. На пример, за конкурси за избор на идејно решение, концесии за јавна работа, концесии за услуги, социјални и други посебни услуги се користат посебни обрасци на оглас за јавна набавка.

За да се обезбеди колку што е можно поголема конкуренција и да се исполнат основните обврски за транспарентност, огласот за јавна набавка мора да биде подготвен на начин со кој јасно се опишува природата, опфатот и проценетата вредност на договорот и се објаснува како економските оператори можат да се пријават за учество во постапката. Огласот, исто така, мора да биде целосно и точно пополнет. Доколку огласот не е подготвен на јасен и комплетен начин и не е во согласност со обврските за транспарентност, тоа би можело да резултира со разочарувачко ниво на конкуренција, понуди со лош квалитет или несоодветни понуди или, пак, постапка за јавна набавка која содржи грешки и којашто би морала одново да се започне.

### Кои се последиците од доделувањето на договор за јавна набавка опфатен со директивата без претходно објавување на оглас за јавна набавка?

Директивата дозволува, во ограничен број случаи, доделување на договор за јавна набавка опфатен со директивата без претходно објавување на оглас, на пример, ако работите, стоките или услугите може да се набават само од конкретен економски оператор или кога тоа е неопходно од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди. Доколку договорниот орган доделил договор без претходно објавување во Службениот весник на ЕУ, без правна основа за необјавувањето, телото за правна заштита треба да го прогласи договорот за ништовен, во согласност со одредбите од „Директивата за правните лекови“ (Директивите 89/665/ЕЕЗ и 92/13/ЕЕЗ). За повеќе информации за ништовноста на договорите, види Резиме на СИГМА за јавните набавки бр. 12, *Правни лекови*. За да се избегнат ништовни договори, Директивата за правните лекови предвидува механизам за објавување на известување за доброволна предвремена транспарентност (образец број 15) во Службениот весник на ЕУ.

### Што може да се направи ако огласот за јавна набавка е неправилен или ако информациите во огласот мора да се изменат?

Постои стандарден образец за вршење измени во оглас за јавна набавка - Известувањето за исправка. Ова известување во форма на стандарден образец е достапно на веб-страницата на Европската комисија (образец број 14) и може да се користи за објавување на промените во претходно објавените огласи/известувања или за обезбедување дополнителни информации. Меѓутоа, ако исправките или измените во огласите/известувањата доведат до значителна

промена на условите на постапката за јавна набавка, тогаш треба да се продолжат првичните рокови или да се започне нова постапка.

## Објавување на крајот од постапката за јавната набавка користејќи известување за склучен договор

Договорниот орган мора да го објави завршувањето на постапката за јавната набавка користејќи известување за склучен договор во рок од 30 дена од доделувањето на договорот.

Крајното известување е важно од причина што со него се гарантира транспарентноста на постапката, бидејќи економските оператори и другите лица се информираат за завршувањето на постапката за јавна набавка и основата за доделувањето на договорот. Европската комисија, исто така, ги користи овие информации за подготовка на статистичките податоци за нивото и природата на јавните набавки и за следење на постапките за јавни набавки.

Обврската за објавување на известување за склучен договор важи за сите договори каде што е објавен оглас за јавна набавка и, исто така, за некои други договори каде што не е објавен таков оглас.

## Објавување на измените на договорот во текот на неговото траење

Договорните органи, исто така, мора да објавуваат информации за измените на договорот во текот на неговото траење. Стандардниот образец за ова известување е достапен на веб-страницата на Европската комисија (образец број 20). Ова известување мора да се објави ако измената:

- се однесува на дополнителни работи, услуги или стоки коишто станале неопходни, а не биле вклучени во основниот договор;
- е предизвикана од околности кои ажурен договорен орган не би можел да ги предвиди и каде што измената не го менува целокупниот карактер на договорот, а секое зголемување на цената не надминува 50% од вредноста на основниот договор или рамковна спогодба.

Исто така, постојат и други ситуации кога е дозволена измена на договорот во текот на неговото траење според директивата, но договорниот орган кој го изменил договорот е должен да објави известување за измени во Сл. весник на ЕУ само во двата случаја споменати погоре.

## Дали постојат правила за начинот на кој мора да се испраќаат огласите/известувањата и за рокот во кој треба да бидат објавени?

Сите огласи/известувања мора да се испратат до Канцеларијата за публикации на ЕУ, во согласност со стандардните обрасци предвидени од Европската комисија. На веб-страницата на Европската комисија директно е достапен бесплатен онлајн систем. Огласите/известувањата мора да се објават во рок од пет дена од испраќањето.

Образецот и постапката за испраќање на огласите/известувањата се достапни на веб-страницата на Европската комисија.

## Секторски дејности

Договорните субјекти треба да објавуваат огласи и известувања за договорите од одреден вид и вредност, но дозволена е поголема флексибилност при изборот на начинот на објавување.

**Избор кај објавувањето:** Договорните субјекти слободно може да изберат помеѓу петте форми на конкурентни постапки: отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и партнерство за иновации.

Договорните субјекти, исто така, имаат флексибилност во однос на начинот на објавување, што во законодавството се нарекува „повик за поднесување понуди“. При спроведувањето на ограничена постапка или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, договорните субјекти може да изберат да користат некој од следните три начини:

- оглас за доделување на договор за јавна набавка,
- годишно „периодично индикативно известување“,
- оглас за постоењето на квалификациски систем.

При спроведувањето на отворена постапка, договорните субјекти може да изберат да користат периодично индикативно известување или оглас за доделување на договор за јавна набавка.

**Локални огласи/известувања:** Огласите и известувањата, исто така, може да се објавуваат и на национално ниво, но во тој случај тие не смеат да содржат информации коишто се разликуваат од оние вклучени во огласот/известувањето испратени до Европската комисија и не смеат да се објавуваат локално пред денот на објавувањето во Службениот весник на ЕУ. Меѓутоа, објавувањето на национално ниво може да се изврши доколку, во рок од 48 часа од потврдата за прием на огласот/известувањето од страна на Канцеларијата за публикации на ЕУ, договорните субјекти не се известени за објавувањето на огласот/известувањето во Службениот весник на ЕУ.

**Квалификациски системи:** Договорните субјекти имаат право да воспостават и да водат квалификациски системи. Квалификациски систем е систем каде што економските оператори кои се заинтересирани да склучат договор со договорниот субјект може да се пријават да бидат регистрирани како потенцијални добавувачи. Договорниот субјект потоа ги регистрира сите или некои од овие економски оператори во својот квалификациски систем. Регистрираните економски оператори потоа формираат база од којашто договорниот субјект може да ги извлече оние оператори кои ќе бидат поканети да поднесат понуда или да преговараат за договорите.

При воспоставување на квалификациски систем, договорниот субјект користи оглас со којшто го објавува постоењето на квалификацискиот систем (образец број 7 на веб-страницата на Европската комисија), каде што ја посочува целта на системот, начинот како да се пристапи до правилата за неговото функционирање и периодот на важност. Доколку функционирањето на системот се прекине, договорниот орган треба да објави известување за склучен договор.

**Рамковни спогодби:** Договорните субјекти може да воспостават рамковни спогодби користејќи го стандардниот образец на огласот за доделување на договор за јавна набавка.

**Динамични системи за набавки:** Договорните субјекти, исто така, може да воспостават динамични системи за набавки за вообичаени набавки. За да воспостави динамичен систем за набавки, договорниот орган треба да објави оглас. Поканите за поднесување понуди за договори опфатени со динамичните системи за набавки не мора да се објавуваат, но тие директно се испраќаат до сите учесници примени во системот.

**Известувања за склучен договор:** Договорните субјекти треба да испратат известување за склучен договор во стандарден образец до Канцеларијата на Службениот весник на ЕУ во рок од 30 дена од склучувањето на договорот или рамковната спогодба. Известувањата за склучен договор за договори доделени во рамковна спогодба и договори врз основа на динамични системи за набавки може да се групираат и испратат на квартална основа во рок од 30 дена на крајот од релевантниот квартал.

## Дополнителни информации

**Публикации**

СИГМА (2015), *Прирачник за обука за јавните набавки* – Модул Д2, издание на ОЕЦД, Париз, http://www.sigmaweb.org/publications/public-procurement-training-manual.htm

**Резимеа за јавните набавки**

http://www.sigmaweb.org/publications/key-public-procurement-publications.htm

СИГМА (2016), *Измени на договорот*, Резиме 38, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Е-набавки,* Резиме 17, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Набавки од договорни субјекти во секторски опфатените дејности*, Резиме 16, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Алатки за јавни набавки*, Резиме 11, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Правни лекови,* Резиме 12, издание на ОЕЦД, Париз

СИГМА (2016), *Разбирање на финансиските прагови на ЕУ*, Резиме 5, издание на ОЕЦД, Париз

**Други извори**

Избрана судска практика на Судот на правдата на Европската унија: C-199/85 *Комисијата против Италија*, C-24/91 *Комисијата против Шпанија*, C-107/92 *Комисијата против Италија*, C-328/92 *Комисијата против Шпанија*, C-318/94 *Комисијата против Германија*, C-225/98 *Комисијата против Франција*, C-385/02 *Комисијата против Италија*, C-394/02 *Комисијата против Грција*, C-126/03 *Комисијата против Германија*, C-21/01 и C-28/01 *Комисијата против Германија*, C-362/03 и C-463/03 *Strabag и Kostman*, C-299/08 *Комисијата против Франција*, C-561/12 *Nordecon и Ramboll Eesti*, C-19/13 *Fastweb,* http://curia.europa.eu/jcms/jcms/j_6/